Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018, 154/2019, 76/2020, 178/2021, 58/2024, 124/2025 и член 72 од Статутот на Европски универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 155 седница, одржана на ден 14.07.2026 година, донесе

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-5151/1
14.07. 2026 год.
СКОПЈЕ 1

ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Анекс на Правилник за начинот на пријавување, спроведување и полагање на колоквиуми и испити на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје

Член 1

Во Анекс на Правилник за начинот на пријавување, спроведување и полагање на колоквиуми и испити на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје во член 5, ставот 2 се менува и дополнува и гласи:

“Распоредот за предметите со практичен и завршен испит го утврдува деканот, во консултација со предметниот наставник. Распоредот за предметите со практичен и завршен испит задолжително се реализира во рамките на испитната сесија утврдена со Универзитетскиот календар, усвоен од Сенатот на Универзитетот”

Член 2

Останатите одредби од Анекс на Правилник за начинот на пријавување, спроведување и полагање на колоквиуми и испити на Факултетот за дентална медицина остануваат непроменети.

Член 3

Се задолжува стручната служба на Универзитетот да изготви пречистен текст на Анекс на Правилник за начинот на пријавување, спроведување и полагање на колоквиуми и испити на Факултетот за дентална медицина, со вклучување на измените и дополнувањата утврдени со овој Правилник.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Претседател на Универзитетски сенат

Проф. д-р Катерина Василева Гешоска